Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК
## од Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 август 2019 година

Скопје, август 2019 година

**З А П И С Н И К**

**од Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 август 2019 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, д-р Рената Дескоска, министер за правда, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Хусни Исмаили, министер за култура, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Музафер

Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Табела со материјали за кои е побарано мислење и не се процесуирани во владина постапка поради докомплетирање

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1. Информација за реализација на проектот за изнајмување на 7 (седум) монтажни лизгалишта во Република Северна Македонија, со Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2019 година

2. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП ХС Злетовица Пробиштип за 2019 година

3. Информација во однос на пренесување на правото на сопственост на движни ствари (дрвната маса) произлезена при изградбата на магистралниот гасовод Делница „Скопје-Тетово-Гостивар“, со Предлог-одлука

4. Одлука за изменување и дополнување на „Статутот на Акционерско друштво за Транспорт Македонски Железници Транспорт АД - Скопје“, со Предлог-одлука за давање согласност

5. Правилник за изменување на Правилникот за посебните барања за екстакционите средства кои може да се користат во производството на храна и состојки на храна, условите за нивна употреба во поглед на процесот за произвидство на категоријата храна и максималните дозволени нивоа на резидуи на екстракционите средства во крајните производи и максималните дозволени нивоа на резидуи на екстракционите

средства во аромите кој се добиваат од природни извори на ароми, со Предлог-одлука

6. Информација за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус - производи од животинско потекло

7. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

8. Предлог-одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

9. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерство за внатрешни работи

10. Предлог-решение за изменување на Решението за именување на членови на Групата за процена

11. Барање од Управниот суд - Скопје за дообезбедување на средства

12. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, праработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Специјална болница за геријатријска и палијативна медицина „13 ноември“ - Скопје)

**б) економски систем и тековна економска политика**

13. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за утврдување на висината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување и обновување на стоковните резерви

14. Предлог-програма за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година

15. Предлог-програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година

16. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година

17. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година

18. Информација за присилна концесија на дивечот во ловиштата „Сараево“, „Чифлик“, „Ратевска Река“, „Палазлија“, „Џами Тепе“ во ловен реон Берово „Кадина Река“ во ловен реон Скопје, „Душегубица“ во ловен реон Кичево, „Копришница“ во ловен реон Неготино и „Рожден“ во ловен реон Кавадарци на присилна концесија на Јавното претпријатие за стопанисување со шумите во државна сопственост „Национални шуми„ - Скопје, со предлог-одлуки

19. Информација за преземање на мерки за намалување на густината на популацијата на дивата свиња во ловиштата во Република Северна Македонија како превентивна мерка од појава и ширење на болеста Африканска чума кај свињите

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска докуметација со основна класа на намена В2-здравство и социјална заштита (центар за рехабилитација на болни и стари лица) КО Колешино-вон г.р., општина Ново Село, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1 - станбени куќи КО Сопиште-вон г.р., општина Сопиште, со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со намена Г2 -лесна и незагадувачка индустрија КО Групчин, општина Желино, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планската документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Челопек-вон г.р., општина Брвеница, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Горно Соње, општина Сопиште, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Добри Дол, општина Сопиште, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на нов надземен 10(20)кв вод и нова БСТС 10(20)0,4 кв КО БС, општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на хотелско-туристичко рекреативен комплекс (постојано детско одморалиште "Шула Мина") со придружни содржини КО Крушево вон град, општина Крушево, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Горно Оризари, општина Битола, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Пена со реф. бр.85 КО Бозовце-вон г.р. и КО Вешала, општина Тетово, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Бањица, општина Гостивар, со Предлог-одлука

31. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Муси - Илчо Анастасов од Свети Николе, со Предлог-одлука

32. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Иван хрис - Ацо Христов с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука

33. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Агро бац - Благе Илиевски с.Ерџелија Свети Николе, со Предлог-одлука

34. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Ацо Костадиновски од с.Кадрифаково Свети Николе, со Предлог-одлука

35. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Кико - таце - Игор Атанасов од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука

36. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Агро-продукт - Велик Шаматов од с.Ерџелија Свети Николе, со Предлог-одлука

37. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Агро ина - Аце Димитриевски од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука

38. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Агро клас Славе Ордан Каралиоски с.Мало Коњари Прилеп, со Предлог-одлука

39. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за земјоделие, сточарство, производство, услуги и трговија на големо и мало Фарма бо-то ДООЕЛ увоз-извоз с.Тополчани Прилеп, со Предлог-одлука

40. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Алтана Алтана Здраве Нечовска с.Ерековци Прилеп, со Предлог-одлука

41. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Мулаим Сабедин Алиоски с.Канатларци Тополчани, со Предлог-одлука

42. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Браќа енгин ерсан Садуш Алиевски с.Канатларци Прилеп, со Предлог-одлука

43. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за трговија и услуги Атила комерц-муса увоз-извоз ДООЕЛ с.Канатларци, Тополчани, со Предлог-одлука

44. Информација за назначување на Надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за програмскиот период 2007-2013 од Европската Унија на Република Северна Македонија, со Предлог-решение

45. Информација во врска со потребата за оградување на парцелите, предвидени за изградба на фотонапонски електроцентрали, согласно Јавниот оглас за доделување на договор за право на користење на премија за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија

46. Информација во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на локалитетите "Ѓорова Лака", општина Неготино, "Кутлишта" општина Кичево и "Брусија" општина Делчево, со Предлог-одлука

47. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот "Стрновец", општина Старо Нагоричане, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Стрновец", општина Старо Нагоричане бр.45-4437/1 од 16.07.2019 ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.150/19), со Предлог-решение

48. Информација за Просторниот план на Национален парк Пелистер 2016-2030 - Нацрт план

49. Информација за статус на ЕУ-ИПА проект „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Прилеп"

50. Информација за работата на работната група за поврзување на зелените работни места со младинската невработеност

51. Информација во врска со реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Градиште, МХЕЦ Дворце на концесионерот Барт енерџи ДОО Скопје

52. Информација за Изменета тендерска документација за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хелокоптерски услуги за пребарување и спасување (САР)

**в) политички систем**

53. Предлог-закон за ратификација на Конвенцијата за заемна административна помош за даночни прашања, изменета со Протоколот од 2010 година

54. Информација за активностите на Комисијата за чување, одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните ознаки со соседните држави, за периодот јануари 2018-јуни 2019 година

55. Информација за новиот предлог за просторното сместување на Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел во новото седиште на НАТО во Брисел по пат на купување.
56. Информација за користењето на веб-апликацијата Систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари - прв и втор извештаен период 2019 година

57. Информација за пристапувањето на Република Северна Македонија во стратегијата за Јадранско - Јонскиот регион

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

58. Информација за обврските во однос на ратификуваните конвенции на Меѓународната организација на трудот

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

59. Предлог-одлука за формирање на Работна група за утврдување на начин на употреба на ендоними и егзоними согласно обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните

**б) политички систем**

60. Предлог-одлука за воспоставување на дипломатски односи помеѓу Република Северна Македонија и Република Сан Марино

61. Предлог-одлука за воспоставување на дипломатски односи помеѓу Република Северна Македонија и Кнежевството Монако

62. Предлог-одлука за воспоставување на дипломатски односи помеѓу Република Северна Македонија и Република Кипар

63. Предлог-решение за изменување на Решението за именување на претседател, членови и секретар на комисијата за гранични премини на Република Северна Македонија со Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција, Република Косово и Република Србија

64. Предлог-решение за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје

65. Барање на Нада Буриќ за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија
66. Барање на Идризи Омер за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

67. Барање на Јонуз Хајредин, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

68. Барање на Хектор Ајвази, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

69. Барање на Муртезан Каљо, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

70. Барање на Јасмин Беќироски, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

71. Барање на Тургај Ајдиноглу, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

72. Барање на Џуљзада Баље, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

73. Барање на Демири Есад, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

74. Барање на Абдурахим Ќуфта, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

75. Барање на Сервет Алуши за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

76. Барање на Џон Артур Метјус за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

77. Барање на Анел Маслар за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

78. Предлог-одлука за престанок со работа на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ - Пробиштип

79. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (45-6224/1)

80. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (45-6225/1)

81. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

82. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе

83. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп

84. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Фонд за иновации и технолошки развој

85. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово

86. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

87. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница Тетово

88. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски"- Битола

89. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Македонски Брод

90. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Виница

91. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип

92. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кавадарци

93. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - „д-р Ферид Мурад" - Гостивар

94. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Гоце Делчев" - Делчево

95. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница „Борка Талески " - Прилеп

96. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавна здравствена установа Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија - Скопје

г) предлози по кои Владата дава мислење

(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија

97. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

98. Барање за давање на автентично толкување на членовите 211 и 213-а од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005; 3/2006; 3/2006; 44/2006; 66/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 10/2010; 16/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 158/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 52/2012; 13/2013; 25/2013; 54/2013; 170/2013; 187/2013; 34/2014; 106/2014; 113/2014; 145/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 74/2015; 129/2015; 167/2015; 27/2016; 134/2016; 120/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/2019), поднесено од пратеникот Мира Стојчевска

(б) по барање на органи, организации и други правни лица

99. Иницијатива поднесена од адвокат Бранко Колев од Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.83/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 240 став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/2015, 226/2015, 55/2016, 11/2018 и 83/2018) и член 2 од Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/2016).

100. Статут на Приватна високообразовна професионална установа за бизнис Студии „Еуро Колеџ“ - Куманово

101. Понуда од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100071 за КО Бутел на КП бр.2755 и Имотен лист бр.1883 за КО Бутел на КП бр.2755, викано место/улица УЛ Рудо бр.41

102. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.284 за КО Берово на КП бр.3881 викано место/улица Манакија

103. Известување од извршител Антончо Коштанов, именуван за подрачјето на Основните судови Скопје 1 и Скопје 2 за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 179 став 1, член 181 став 1 и член 182 став 1 од Законот за извршување), доставен под И.бр.714/18; Заклучок за огласување на продажбата под И бр.714/18 од

21.03.2019 година за неважечка и Заклучокот за повторена втора усна јавна продажба (на недвижноста запишана во Имотен лист бр.2272 за КО Глуво Бразда) под и бр.714/18, која ќе се одржи на 3.9.2019 година

**д) други предлози**

104. Повик за свикување на Собрание на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 24 септември 2019 година, во 10:00 часот

105. Кадровски прашања

106. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

107. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јули 2019 година

108. Акциски план за спроведување на Инвестиционата програма на АД ЕСМ-Скопје

109. Акциски план за постапување по однос на дадените препораки од Државниот завод за ревизија, доставен од ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје Предлагач: ЈЗУ Универзитетска клиника за Кардиологија

110. Ажурирана Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година

111. Информација за примена на Законот за правда за децата во постапувањето на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи во период од 1 јануари до 30 јуни 2019 година

112. Информација за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа (за период јануари - јуни 2019 година)

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

113. Предлог-закон за класифицирани информации

114. Информација за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во Управата за извршување на санкции како дел од затворската полиција

115. Информација со Предлог-одлука за доделување на средства од буџетот на Министерството за одбрана на општина Неготино, за поправка на локалниот пат оштетен за време на одржувањето на вежбата „Одлучен Удар 19“

*

*        *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Табела со материјали за кои е побарано мислење и не се процесуирани во владина постапка поради докомплетирање**

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски ги информираше членовите на Владата со Табелата со материјали за кои е побарано мислење и не се процесуирани во владина постапка поради докомплетирање

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за реализација на проектот за изнајмување на 7 (седум) монтажни лизгалишта во Република Северна Македонија, со Предлог-програма и притоа заклучи:

1. Го усвои најновиот текст на Информацијата за реализација на Проектот за изнајмување на 7 (седум) монтажни лизгалишта во Република Северна Македонија.

2. Го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2019 година

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги обезбеди потребните средства за реализација на Проектот за изнајмување на 7 (седум) монтажни лизгалишта во Република Северна Македонија во висина од 14.000.000,00 денари, во рамките на сопствениот Буџет за 2019 година.

4. Се препорачува на општините Охрид, Битола, Куманово, Струмица, Центар, Гостивар и Тетово да изберат и предложат до Агенцијата за млади и спорт локација како и да обезбедат одобрение за поставување на урбана опрема односно монтирање на лизгалиште, најдоцна до 1.11.2019 година.

5. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да подготви и најдоцна до 15.11.2019 година до Владата да достави информација за прогресот за реализација на Проектот за изнајмување на 7 (седум) монтажни лизгалишта во Република Северна Македонија.“

## Точка 2

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 3

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во однос на пренесување на правото на сопственост на движни ствари (дрвна маса) произлезена при изградбата на магистралниот гасовод Делница „Скопје-Тетово-Гостивар“ и притоа заклучи:

1. Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми "Национални шуми" - Скопје, во соработка со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост веднаш да ги жигосаат движните ствари (дрвна маса) произлезена при изградбата на магистралниот гасовод Делница „Скопје-Тетово-Гостивар“.

2. Се задолжува Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост по жигосувањето на дрвната маса истите да ги отстапи на Црвениот крст на Република Северна Македонија и за истото да подготви и до Владата да достави Одлука која се смета за донесена на оваа седница на Владата.

3. Се препорачува на Црвениот крст на Република Северна Македонија, по добивањето на дрвната маса во соработка со Центарот за социјална работа на локално ниво да ги утврдат загрозените семејства на кои ќе се направи распределбата на дрвата.

## Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Акционерско друштво за транспорт „Македонски железници Транспорт АД” - Скопје (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 5

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за посебните барања за екстакционите средства кои може да се користат во производството на храна и состојки на храна, условите за нивна употреба во поглед на процесот за производство на категоријата храна и максималните дозволени нивоа на резидуи на екстракционите средства во крајните производи и максималните дозволени

нивоа на резидуи на екстракционите средства во аромите кои се добиваат од природни извори на ароми (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус - производи од животинско потекло и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на АД за вршење на енергетски дејности „Македонски енергетски ресурси" - Скопје, во државна сопственост да ја разгледа можноста за достапност на природен гас за потребите на планираниот преработувачки објект во КО Лозово, Блок 9 - Општина Лозово и за истото да ја информира Владата на наредната седница.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство во најбрз можен рок да го достави во владина постапка Предлог-законот за нус - производи од животинско потекло.

## Точка 7

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и /или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување членови на групата за процена, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата го одложи разгледувањето на Барањето од Управниот суд - Скопје за дообезбедување на средства (по пат на прераспределба на средства од буџетот на судската власт), со цел да се обезбедат услови за непречено спроведување на градежни активности за внатрешна адаптација и реновирање на објектот што му е доделен со Одлука на Владата,

со заклучок истото да се разгледа откако Министерството за транспорт и врски во целост ќе ги напушти просториите на објектот.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за утврдување на висината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување и обновување на стоковните резерви, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за аерозагадувањето за 2019 година, со заклучок истата предлагачот да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 15

Владата го донесе новиот текст на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 17

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за присилна концесија на дивечот во ловиштата „Сараево“, „Чифлик“, „Ратевска Река“, „Палазлија“, „Џами Тепе“ во ловен реон Берово „Кадина Река“ во ловен реон Скопје, „Душегубица“ во ловен реон Кичево, „Копришница“ во ловен реон Неготино и „Рожден“ во ловен реон Кавадарци на присилна концесија на Јавното

претпријатие за стопанисување со шумите во државна сопственост „Национални шуми„ - Скопје, со Предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.1 „Сараево“ во ловен реон Берово, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.2 „Ратевска Река“ во ловен реон Берово, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.3 „Палазлија“ во ловен реон Берово, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.4 „Џами Тепе“ во ловен реон Берово, во предложениот текст.

5. Ја донесе Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.6 „Чифлик“ во ловен реон Берово, во предложениот текст.

6. Ја донесе Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.5 „Рожден“ во ловен реон Кавадарци, во предложениот текст.

7. Ја донесе Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.5 „Душегубица“ во ловен реон Кичево, во предложениот текст.

8. Ја донесе Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.1 „Кадина Река“ во ловен реон Скопје во предложениот текст.

и

9. Ја донесе Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.2 „Копришница“ во ловен реон Неготино во предложениот текст.

## Точка 19

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преземање на мерки за намалување на густината на популацијата на дивата свиња во ловиштата во Република Северна Македонија како превентивна мерка од појава и ширење на болеста „Африканска чума“ кај свињите, како материјал за информирање.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација со основна класа на намена В2-здравство и социјална заштита (центар за рехабилитација на болни и стари лица) КО Колешино-вон г.р., општина Ново Село, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на

локална урбанистичка планска документација со основна класа на намена В2-здравство и социјална заштита (центар за рехабилитација на болни и стари лица) КО Колешино-вон г.р., општина Ново Село, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1 - станбени куќи КО Сопиште-вон г.р., општина Сопиште, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Групчин, општина Желино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Групчин, општина Желино, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планската документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Челопек-вон г.р., општина Брвеница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планската документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Челопек-вон г.р., општина Брвеница, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Горно Соње, општина Сопиште, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 25**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено

сместување КО Добри Дол, општина Сопиште, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на нов надземен 10(20)кв вод и нова БСТС 10(20)0,4 кв КО БС, општина Крива Паланка, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на нов надземен 10(20)кв вод и нова БСТС 10(20)0,4 кв КО БС, општина Крива Паланка, во предложениот текст.

Точка 27

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на хотелско-туристичко рекреативен комплекс со придружни содржини КО Крушево вон град, општина Крушево, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на хотелско-туристичко рекреативен комплекс со придружни содржини КО Крушево вон град, општина Крушево, во предложениот текст.

Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Горно Оризари, општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Горно Оризари, општина Битола, во предложениот текст.

Точка 29

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Пена со реф. бр.85 КО Бозовце-вон г.р. и КО Вешала, општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Пена со реф. бр.85 КО Бозовце-вон г.р. и КО Вешала, општина Тетово, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Бањица, општина Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Бањица, општина Гостивар, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец МУСИ - Илчо Анастасов од Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Иван Хрис - Ацо Христов с.Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Агро Бац - Благе Илиевски с.Ерџелија, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Ацо Костадиновски од с.Кадрифаково, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Кико Таце - Игор Атанасов од с.Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст

## Точка 36

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Агро - продукт - Велик Шаматов од с.Ерџелија Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Агро ина - Аце Димитриевски од с.Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Агро клас Славе Ордан Каралиоски с.Мало Коњари Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за земјоделие, сточарство, производство, услуги и трговија на големо и мало Фарма бо-то ДООЕЛ увоз-извоз с.Тополчани, Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Точка 40

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Алтана Алтана Здраве Нечовска с.Ерековци Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Точка 41

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Мулаим Сабедин Алиоски с.Канатларци, Тополчани, со Предлог- одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Точка 42

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Браќа Енгин Ерсан Садуш Алиевски с.Канатларци Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Точка 43

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за трговија и услуги Атила комерц-муса увоз-извоз ДООЕЛ с.Канатларци, Тополчани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Точка 44

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за назначување на Надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за програмскиот период 2007-2013 од Европската Унија на Република Северна Македонија, со Предлог-решение, за некоја од наредните седници на Владата.

Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за оградување на парцелите, предвидени за изградба на фотонапонски електроцентрали, согласно Јавниот оглас за

доделување на договор за право на користење на премија за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија да пренамени средства од сопствениот буџет, кои ќе бидат наменети за набавка на услуги за изработка на основен проект за оградување на локациите на државно земјиште за кои е објавен јавен оглас, како и за изработка на геодетски елаборати и хидролошки студии за планираното државно земјиште за кое ќе се објави Јавен оглас за доделување на договор за право на користење на премија за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, во текот на наредната година.

2. Се задолжува Министерството за економија да предвиди финансиски средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, а Министерството за финансии да ги одобри истите, кои да бидат наменети за оградување на локациите на државно земјиште предвидени за изградба на фотонапонски електроцентрали и за трасирање на пристапен пат до овие локации.

## Точка 46

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на локалитетите „Ѓорова Лака“, општина Неготино, „Кутлишта“ општина Кичево и „Брусија“ општина Делчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Стрновец“, општина Старо Нагоричане, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Стрновец“, општина Старо Нагоричане бр.45-4437/1 од 16.7.2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/19), со Предлог-решение (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Стрновец“, општина Старо Нагоричане, со заклучок Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да доставаат номинации за член и заменик член во Комисијата.

**Точка 48**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за Просторниот план на Национален парк Пелистер 2016-2030, со Нацрт-просторен план, ја усвои Информацијата и заклучи Нацрт-просторниот план на Национален парк Пелистер 2016-2030 да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереник Неби Реџепи, раководител на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на ЕУ-ИПА проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Прилеп", ја усвои и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да изврши пренамена од буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање за 2019 година во висина од 2.835.585,00 денари за исплата на сметките од јули 2018 година до јануари 2019 година за снабдување со електрична енергија на пречистителната станица за отпадни води во Прилеп.

**Точка 50**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за работата на работната група за поврзување на зелените работни места со младинската невработеност, со План за информирање и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го усвои Планот за информирање и подигање на јавната свест за значењето на зелените работни места 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го реализира Планот за информирање и подигање на јавната свест за значењето на зелените работни места за 2019 година.

3. Се задолжуваат секторските комисии на Националната рамка за квалификации да изработат критериуми за „зелени работни места" и индикатори за нивна мерливост, најдоцна до крајот на 2019 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да направи идентификација и координција на тековните проекти во кои се реализираат активности поврзани со нови „зелени работни места" и квалификации и доквалификации за постоечки зелени работни места најдоцна до крајот на октомври 2019 година.

5. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за млади и спорт, Министеството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука да ја информираат Владата за реализација на задолженијата, најдоцна до крајот на ноември 2019 година.

## Точка 51

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата во врска со реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Градиште, МХЕЦ Дворце на концесионерот Барт Енерџи ДОО Скопје за наредната седница на Владата.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за изменета тендерска документација за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР), со изменета тендерска документација и изменет јавен повик и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ги одобри изменетата тендерска документација и изменетиот јавен повик, со заклучок:
- во изменетата тендерска документација, во точката 1.3.4, ставот 2 да изостане и
- во модел - договорот, во членот 7, точката 5 да изостане.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го објави Јавниот повик за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР).

## Точка 53

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за ратификација на Конвенцијата за заемна административна помош за даночни прашања, изменета со Протоколот од 2010 година, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии и Наташа Дескоска директор во Министерството за надворешни работи.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Комисијата за чување, одржување, обновување и обележување на граничните линии и граничните ознаки на Република Северна Македонија со соседните држави, за периодот јануари 2018 година- јуни 2019 година (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Комисијата за чување, одржување, обновување и обележување на граничните линии и граничните ознаки со соседните држави да продолжи со планираните активности во делот на чување, одржување на граничната линија и граничните белези на нашата земја со соседните држави.
2. Се препорачува на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - Скопје на барање на Комисијата за чување, одржување, обновување и обележување на граничните линии и граничните ознаки со соседните држави да изврши чистење на дрвјата и жбуновите на потегот од 3 метри на територијата на Република Северна Македонија од граничните линии со соседните држави, да бидат отпочнати во втората половина на 2019 година.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за новиот предлог за просторното сместување на Мисијата на Република Македонија при НАТО во Брисел во новото седиште на НАТО во Брисел по пат на купување и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифаќа новиот предлог за просторното сместување на Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел во новото седиште на НАТО во Брисел по пат на купување.
2. Се задолжува Министерството за финансии со ребалансот на Буџетот за 2019 година да обезбеди буџетски средства во износ од 3.116.000 евра, од кои 2.316.000 евра за еднократно плаќање кон НАТО на име купување на простории за Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО, а 800.000 евра за адаптации за плаќање на рати, при што со новиот буџет за 2020 година да обезбеди буџетски средства во износ од 500.000 евра за доплаќање на име адаптации, како и 120.000 евра за режиски трошоци за 2020 година, вклучително и 7.000 евра за трошоци за одржување на ИТ опрема за 2020 година.
3. Се задолжува Министерството за финансии при планирањето на буџетските средства наведени во Заклучокот бр.2 да ги има предвид обврските на институциите од Република Северна Македонија партиципиенти во Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел, кои со нето канцелариски простор во Мисијата учествуваат со следниот сооднос: Министерство за одбрана 51% (190,1 м2), Министерство за надворешни работи 24% (91 м2), Дирекција за безбедност на класифицирани информации 12% (46 м2), Агенција за национална безбедност 8% (30 м2) и Центарот за управување со кризи 5% (18 м2).
4. Се задолжува Министерството за надворешни работи за преземените и реализирани активности кои произлегуваат од задолженијата од претходните заклучоци, да ја информира Владата, најдоцна до 30 септември 2019 година.

## Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за користењето на веб-апликацијата Систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари - прв и втор извештаен период 2019 година и ја усвои со заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи и Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање, најдоцна до 15 октомври 2019 година, во веб-апликацијата Систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари преку определените лица за корисници да ги внесат, односно ажурираат податоците за кривичните пријави, односно извештаи доставени до основните јавни обвинителства во периодот јануари - септември 2019 година за случаи на корупција и перење пари, согласно Меморандумот за соработка за користење на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари.

## Точка 57

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за пристапувањето на Република Северна Македонија во Стратегијата за Јадранско - Јонскиот регион за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се усогласи со Министерството за надворешни работи.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за обврските во однос на ратификуваните конвенции на Меѓународната организација на трудот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии - Биро за јавни набавки, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд и Државниот завод за статистика, да одредат контакт лице и негов заменик во рамките на својата институција и да ги достават до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 10 дена.

2. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Комисијата за заштита од дискриминација да одредат контакт лице и негов заменик во рамките на својата институција и да ги достават до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 10 дена.

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Работна група за утврдување на начин на употреба на ендоними и егзоними согласно обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Сан Марино, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Кнежевството Монако, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Кипар, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го донесе новиот текст на Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател, членови и секретар на Комисијата за гранични премини на Република Македонија со Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција, Република Косово и Република Србија, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го донесе новиот текст на Решението за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на националната комисија за мало и лесно оружје, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го разгледа Барањето на Нада Буриќ за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети.

## Точка 66

Владата го разгледа Барањето на Идризи Омер за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 67

Владата го разгледа Барањето на Јонуз Хајредин за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 68

Владата го разгледа Барањето на Хектор Ајвази, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети, утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 69

Владата го разгледа Барањето на Муртезан Каљо, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид мислењето на Министерството за надворешни работи, утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 70

Владата го разгледа Барањето на Јасмин Беќироски за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

## Точка 71

Владата го разгледа Барањето на Тургај Ајдиноглу за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

**Точка 72**

Владата го разгледа Барањето на Џуљзада Баље за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 73**

Владата го разгледа Барањето на Демири Есад за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 74**

Владата го разгледа Барањето на Абдурахим Ќуфта, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 75**

Владата го разгледа Барањето на Сервет Алуши, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 76**

Владата го разгледа Барањето на Џон Артур Метјус за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи ги предвид Мислењето на Министерството за финансии и Мислењето на Министерството за економија.

**Точка 77**

Владата го разгледа Барањето на Анел Маслар за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

## Точка 78

Владата ја донесе Одлуката за престанок со работа на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ - Пробиштип (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 79

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица, со заклучок, текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 80

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица, со заклучок Министерството за образование и наука текстот на Одлуката да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 81

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, со заклучок Министерството за образование и наука текстот на Одлуката да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 82

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе, со заклучок Министерството за образование и наука текстот на Одлуката да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 83

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп, со заклучок Министерството за образование и наука да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 84

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Фондот за иновации и технолошки развој, со заклучок Министерството за образование и наука да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 85

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово, со заклучок Министерството за образование и наука да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 86

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово и ја донесе Одлуката со заклучок Министерството за образование и наука со Секретаријатот за законодавство да изврши усогласување на текстот на Одлуката.

## Точка 87

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница Тетово (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 88

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски"- Битола (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 89

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Македонски Брод, во предложениот текст.

## Точка 90

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Виница, во предложениот текст.

## Точка 91

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип, во предложениот текст

**Точка 92**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 93**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница „д-р Ферид Мурад“ - Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 94**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Гоце Делчев“ - Делчево, во предложениот текст.

**Точка 95**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница „Борка Талески“ - Прилеп (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 96**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавната здравствена установа Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 97**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Согласно 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10 000 избирачи.

Имајќи ја предвид оваа уставна одредба предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка е поднесен од овластен предлагач.

Со донесувањето на овој закон Владата на Република Северна Македонија смета дека ќе се воедначи законскиот пристап за трите категории здравствени работници и соработници (специјализанти, супспецијализанти и специјализанти, односно супспецијализанти, согласно Програмата за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација) и тоа во поглед на уредување на времето што здравствениот работник или соработник треба да го одработи во јавната здравствена установата што ја одобрила специјализацијата или супспецијализацијата, како и во поглед на висината на износот што треба специјализантот, односно супспецијализантот да го врати ако ја напушти установата по негово барање или по негова вина.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.153/19), кој влезе во сила со денот на неговото објавување, се промени законските одредби што го регулираа времето што специјализантот треба да го одработи во јавната здравствена установата што ја одобрила супспецијализацијата, како и висината на износот кој треба да го врати ако ја напушти установата по негово барање или вина.

Во однос на одредбите што се однесуваат на договорот на јавната здравствена установа со специјализантот, се овозможи законска основа во тој договор времето што специјализантот треба да го одработи во јавната здравствена установа што ја одобрила супспецијализацијата да се уреди во траење еднакво на должината на траењето на специјализацијата.

Во однос на одредбите за висината на средствата што треба да ги надомести специјализантот ако по негово барање или по негова вина предвреме ја напушти установата која го упатила на специјализација, се овозможи висината на тие средства да не може да биде помала од двократен износ на вредноста на специјализацијата што ја плаќаат здравствени работници вработени во приватна здравствена установа, други правни лица или невработени во моментот на напуштањето на установата.

Со Законот се воспостави и обврска меѓусебните права и обврски на супспецијализантот и јавната здравствена установа која ја одобрила супспецијализацијата да се уредат согласно одредбите од овој закон, што се однесува и за договорите склучени и согласно со одредбите од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09, 88/10, 44/11 и 53/11) и согласно со одредбите од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19).

Со новиот Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, се предлага да се воспостават еднакви законски решенија во регулирањето на времето што треба да се одработи во јавната здравствена установа и висината на износот кој треба да се врати при напуштање на установата за специјализантите, за супспецијализантите и за здравствените работници и соработници кои специјализираат или супспецијализираат, согласно Програмата за

кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација, вклучително и во поглед на обврската веќе склучените договори за меѓусебните права и обврски на супспецијализантот и јавната здравствена установа да се уредат согласно предложениот Закон поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Законот.

## Точка 98

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членовите 211 и 213-а од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 10/2010, 16/2010, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 158/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 52/2012, 13/2013, 25/2013, 54/2013, 170/2013, 187/2013, 34/2014, 106/2014, 113/2014, 145/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 74/2015, 129/2015, 167/2015, 27/2016, 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/2019), поднесено од пратеникот Мира Стојчевска и притоа го утврди следново мислење:

Содржината на членот 211 се однесува на видовите на репрезентативност, односно причините за кои репрезентативноста се утврдува. Следствено на тоа, репрезентативност за територија на Република Северна Македонија се утврдува заради учество во трипартитни тела за социјално партнерство и трипартитни делегации на социјалните партнери, репрезентативноста на ниво на приватен сектор од областа на стопанството се утврдува заради учество во склучување на општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, репрезентативност на ниво на јавен сектор се утврдува заради склучување на општ колективен договор на ниво на јавен сектор, репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел се утврдува заради склучување на посебен колективен договор на ниво на гранка, односно оддел согласно Националната класификација на дејности и репрезентативноста на ниво на работодавач се утврдува заради склучување на колективен договор на ниво на работодавач.

Така на пр., синдикатот или здружението на работодавачи мора да биде репрезентативно за да учествува во работата на трипартитни тела како Економско-социјалниот совет, Советот за БЗР, управни одбори на републички органи на државната управа кога со посебен закон е така утврдено, како и да бидат репрезентативни за да преговараат и склучат колективен договор на ниво на гранка, односно оддел, на пример одделот „Производство на тутунски производи" согласно Националната класификација на дејности и сл. Смислата на оваа одредба, комплементарно гледано со членовите 212 и 213 од Законот, е учеството на социјалните партнери, односно синдикатите и здруженијата на работодавачи во трипартитните тела и трипартитните делегации, односно во склучувањето на колективните договори да биде условено со тоа тие да застапуваат одредена значајна маса на членство и со тоа да бидат легитимни претставници на интересите на своето членство при учествување во горенаведените процеси.

Понатаму, заради ефектуирање на одредбите од членовите 211, 212 и 213 од Законот, со членот 213-а се утврдува надлежен орган, односно тело за утврдување на репрезентативноста. Така членот 213-а определува дека надлежен орган за утврдување на репрезентативност за територија на Република Македонија, на ниво на приватен сектор од областа на стопанството, на ниво на јавен сектор и на ниво на гранка, односно оддел согласно Националната класификација на дејности е министерството надлежно за работите од областа на трудот, кое ја утврдува репрезентативноста на предлог на Комисијата за утврдување на репрезентативноста. Од содржината на членот 213-а може да се види дека надлежноста на министерството, односно комисијата се утврдува за сите видови на репрезентативност, освен за репрезентативноста на ниво на работодавач.

Смислата на ваквата одредба, се огледа во тоа што постапките за утврдување на репрезентативност на национално ниво, на ниво на приватен сектор, на ниво на јавен сектор и на ниво на гранка, односно оддел, се од посложен карактер. Ова од причини што при утврдувањето за исполнетост на условите во учеството во трипартитните тела и делегации и учеството во преговарање и склучување на општи и посебни колективни договори се користат пообемни статистички податоци и истото резултира со посложена статистичка операција, па законодавецот за таа цел утврдил надлежност на посебен орган, односно тело за спроведување на постапка и утврдување на репрезентативност. Пример, утврдување на репрезентативност на синдикат за одделот „Производство на кожа и слични производи од кожа", каде што се обработуваат податоци за вкупен број на вработени во тој оддел и каде што синдикатот ќе треба да достави податоци за број на свои членови кои плаќаат членарина кај работодавачи од тој оддел. Наспроти тоа доколку се утврдува репрезентативност за ниво на истиот оддел за здружение на работодавачи, тогаш здружението ќе треба да достави податоци за вкупен број на вработени кај работодавачи негови членки во конкретниот оддел и на тој начин да се утврди дали го исполнуваат цензусот од вкупниот број на вработени во одделот за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел.

Спротивно на тоа е репрезентативноста на ниво на работодавач, за чие утврдување не се користат статистички податоци од толкав обем, односно исполнетоста на условот за репрезентативност зависи од тоа во синдикатот кај работодавачот да членуваат најмалку 20% од вкупниот број на вработени кај работодавачот. Следствено на тоа, законодавецот не предвидел во Законот, посебна постапка за утврдување на овој вид на репрезентативност, од причини што при пристапување во преговори и склучување на колективен договор на ниво на работодавач во согласност со членот 219 од Законот за работните односи, самиот работодавач располага со податоците за бројот на вработени кај него и може да утврди, односно увиди дали членството на одреден синдикат опфаќа најмалку 20% од вработените кај него.

Понатаму, Законот не предвидува посебна постапка за утврдување на ваквиот вид на репрезентативност, што остава на диспозиција на самиот работодавач на кој начин ќе ја препознае, односно признае репрезентативноста на синдикатот кај него. Ова дотолку што, согласно член 213-в став 4 од Законот за работните односи, при утврдување на репрезентативност за кои е надлежно министерството, односно комисијата, работодавачот е должен на барање на синдикатот да издаде потврда со список на членови на синдикатот

на кои им се одбива членарина кај работодавачот, па оттука доколку се толкува оваа одредба sensu lato, се заклучува дека работодавачот самиот знае за бројот на членови на синдикатот или синдикатите, на кои како вработени кај него им се одбива членарина.

Во таа смисла, имајќи ги во предвид вака поставените одредби за репрезентативност на ниво на работодавач во Законот, се заклучува дека синдикатот, со самиот факт кога би имал членство кое надминува повеќе од 20% од вкупниот број на вработени кај работодавачот, е репрезентативен по сила на закон, додека истовремено работодавачот доколку самиот одлучи, може во постапка или со негов акт да ја потврди, односно признае законски исполнетата репрезентативност на одреден синдикат кај него.

Имајќи го предвид изнесеното, дека барањето се однесува на автентично толкување на членовите 211 и 213-а од Законот за работните односи („(„Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 10/2010, 16/2010, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 158/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 52/2012, 13/2013, 25/2013, 54/2013, 170/2013, 187/2013, 34/2014, 106/2014, 113/2014, 145/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 74/2015, 129/2015, 167/2015, 27/2016, 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/2019), Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентичното толкување на членовите 211 и 213-а, бидејќи наведените членови се јасни во примената.

## Точка 99

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 240 став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.169/2015, 226/2015, 55/2016, 11/2018 и 83/2018) и член 2 од Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр.139/2016), поднесена од адвокат Бранко Колев од Кавадарци и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата го оспорува член 240 став (4) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и член 2 од Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар, од аспект на член 8 алинеи 3 и 7, 51, 54 и 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓудругото, е утврдено и владеењето на правото, односно согласно член 8 алинеја 7 како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓудругото, е утврдена и слободата на пазарот и претприемаштвото.

Согласно член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 54 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, слободите и правата на човекот и граѓанинот може да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Согласно член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Имено согласно член 240 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, работите на организирање и спроведување на возачкиот испит за кандидат за возач, ги врши правно лице по добивање лиценца за испитен центар од Министерството за внатрешни работи, за временски период од пет години.

Изборот на испитен центар се врши во постапка за добивање лиценца, а се спроведува врз основа на јавен конкурс, кој го распишува Министерството за внатрешни работи. На јавниот конкурс може да се пријави правно лице што ги исполнува условите од членот 242 став (1) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Во случај кога на јавниот конкурс за определено подрачје не се пријави ниту едно правно лице, односно ниту едно од пријавените правни лица не ги исполнува условите утврдени со овој закон, јавниот конкурс, за тоа подрачје се повторува.

Лиценцата, Министерството за внатрешни работи ја издава доколку правното лице ги исполнува условите од членот 244 став (1) од овој закон. По издавањето на лиценцата Министерството за внатрешни работи го запишува испитниот центар во Регистарот на испитни центри во ова министерство. Испитниот центар работите на организирање и спроведување на возачкиот испит ги врши согласно со организацијата на соодветните организациски единици на Министерството за внатрешни работи. Испитниот центар може да организира и спроведува возачки испит за кандидат за возач и во подружница, надвор од местото на неговото седиште, доколку ги исполнува условите од членот 244 став (2) од овој закон.

Во тој контекст, согласно член 2 од Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката

и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр. 139/2016), возачките испити се организираат и спроведуваат во испитни центри согласно организацијата на организациските единици-сектори за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи и тоа за подрачјата:

1. Скопје, со испитно место во Скопје, пријавни места во општина Центар, Карпош, Чаир, Аеродром и Гази Баба, со најмалку седум испитни комисии;

2. Битола, со испитно место Битола, подружница и испитно место во Прилеп и Ресен, пријавни места во Битола, Прилеп, Ресен, Демир Хисар, Крушево и Македонски Брод, со најмалку три испитни комисии;

3. Велес со испитно место Велес, подружница и испитно место во Неготино и Кавадарци, пријавни места во Велес, Неготино и Кавадарци, со најмалку две испитни комисии;

4. Куманово со испитно место Куманово, подружница и испитно место во Крива Паланка, пријавни места во Куманово, Крива Паланка и Кратово, со најмалку две испитни комисии;

5. Охрид со подружници испитно место Охрид, испитно место во Струга, Кичево и Дебар, пријавни места во Охрид, Струга, Кичево и Дебар со најмалку две испитни комисии;

6. Струмица со испитно место Струмица, подружници и испитно место во Радовиш, Гевгелија и Валандово, пријавни места во Струмица, Радовиш, Гевгелија и Валандово со најмалку три испитни комисии;

7. Тетово со испитно место Тетово, подружница и испитно место во Гостивар, пријавни места во Тетово и Гостивар со најмалку три испитни комисии и

8. Штип со испитно место Штип, подружници и испитно место во Свети Николе, Пробиштип, Кочани, Делчево и Берово, пријавни места во Штип, Свети Николе, Пробиштип, Кочани, Делчево, Берово, Виница и Македонска Каменица со најмалку три испитни комисии.

Целта на законодавецот, преку нормирање на наведената област, односно формирање на испитни центри согласно организацијата на организациските единици - сектори за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи, е да се олесни полагањето на возачките испити, односно истото да биде достапно до кандидатите за полагање на возачки испити, во зависност од нивното место на живеење.

Тезата дека се создава монополска положба на испитните центри во зависност од регионот на организациските единици - сектори за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи е неодржлива од следните причини:

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, децидно се одредни условите за добивање на лиценца за испитен центар. Имено согласно член 244 од наведениот закон:

За вршење на работите на организирање и спроведување на возачкиот испит за кандидат за возач, испитниот центар задолжително треба да ги исполнува следниве услови за работа:
- да има стручен кадар;
- да има организација на работа;
- да има уредени простории опремени со посебен уред (камери) и материјално-технички капацитети;
- да има сообраќаен автодром (полигон) во седиштето и подружниците во сопственост на испитниот центар или под закуп, кој ги исполнува пропишаните услови и сообраќајно-технички елементи;
- да има информатичка опрема за вршење на потребните работи и
- да има возила (сопствени или под закуп) од категориите за кои испитниот центар е овластен да врши испитување на кандидати за возачи согласно со одредбите од овој закон.

Подружницата на испитниот центар задолжително треба да ги исполнува следниве услови за работа:
- да има уредни простории опремени со посебен уред (камери) и материјално-технички капацитети;
- да има сообраќаен автодром (полигон) кој ги исполнува пропишаните услови и сообраќајно-технички елементи и
- да има информатичка опрема за вршење на работи.

Согласно ставот (3) на наведениот член основачот, сопственикот, одговорното лице, раководителот, контролорот, претседателот и членовите на Комисијата за полагање на возачкиот испит вработени во испитниот центар не смеат да ги извршуваат своите работни задачи во испитниот центар, доколку тие, нивните сопружници и членовите на нивните семејства по права линија до прв степен, се основачи, сопственици или вработени во автошкола, односно подружница која врши оспособување на кандидати за возачи на подрачјето на кое испитниот центар е овластен да врши работи на организирање и спроведување на возачки испит.

Лицата од ставот (3) на предметниот член потпишуваат изјава за непостоење на судир на интереси заверена на нотар која претставува дел од досието во испитниот центар.

Министерството за внатрешни работи го определува бројот и местото на подружниците на испитниот центар со пријавно и испитно место, според бројот на кандидати за возачи.

Од цитираните одредби на наведениот член може да се заклучи дека условите за добивање на лиценца за испитен центар се доста строги, како од аспект на стручен кадар, информатичка опрема, возила, просторни услови, така и поседување на сообраќаен автодром (полигон) во седиштето и подружниците во сопственост на испитниот центар или под закуп. Имајќи ги предвид високите законски критериуми, јасна е интенцијата на законодавецот за утврдување на еден испитен центар за одреден регион. Целта не е

создавање на монополска положба, туку создавање на квалитетни испитни центри, со обучен кадар, поседување на информатичка опрема, возила и полигон, кои ќе бидат субјект на продуцирање квалитетни возачи на различни категории на возила.

Во однос на правната заштита на кандидатите за возачи, која е оспорена во Иницијативата, се укажува дека кандидатите кои нема да го положат возачкиот испит, имаат право на приговор и тоа во рок од 24 часа од спроведувањето на возачкиот испит. Постапката за постапување по приговорот е уредена во член 297 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Тезата дека постоењето на еден испитен центар на едно подрачје не им овозможува на кандидатите да го пријават возачкиот испит е неодржлива од следните причини:

Во член 10 од Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар е уредено дека испитниот центар на кандидатот за возач, му овозможува полагање на возачкиот испит најдоцна 15 дена од денот на приемот на пријавата за полагање, но во случај на повторно полагање на испит, кој кандидатот не го положил, може да го полага најрано седум дена од денот на полагање на испитот кога кандидатот не го положил испитот.По приемот на пријавата и по утврдување дека кандидатот ги исполнува условите за полагање на возачки испит, Комисијата го одредува денот и местот на полагање на возачки испит.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека оспорените одредби од член 240 став (4) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и член 2 од Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар, се во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 240 став (4) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и член 2 од Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар.

**Точка 100**

Владата го разгледа Статутот на Приватната високообразовна професионална установа за бизнис Студии „Еуро Колеџ“ - Куманово и притоа го утврди следното мислење:

Во текстот на Статутот на Приватната високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро Колеџ" - Куманово бр.01-183/4 од 12.08.2019 година, вградени се сите претходно дадени забелешки од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Со оглед на тоа Владата на Република Северна Македонија нема дополнителни забелешки по Статутот и по истиот дава позитивно мислење.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100071 за КО Бутел на КП бр.2755 и Имотен лист бр.1883 за КО Бутел на КП бр.2755, викано место/улица ул. „Рудо“ бр.41 и по Понудата го прифати Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.284 за КО Берово на КП бр. 3881 викано место/улица Манакија и по Понудата го прифати Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 103**

Владата ги разгледа Известувањето од извршител Антончо Коштанов за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 179 став 1, член 181 став 1 и член 182 став 1 од Законот за извршување), доставен под И.бр.714/18; Заклучокот за огласување на продажбата под И.бр.714/18 од 21.3.2019 година за неважечка и Заклучокот за повторена втора усна јавна продажба (на недвижноста запишана во Имотен лист бр.2272 за КО Глуво Бразда) под И.бр.714/18, која ќе се одржи на 3.9.2019 година и по истите го усвои негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 104**

Владата го разгледа Повикот за свикување на Собрание на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 24 септември 2019 година, во 10:00 часот и притоа заклучи:

1. Се овластува Тања Чачарова - Илиевска, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како

акционер во Македонски Телеком АД - Скопје, да присуствува на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 24 септември 2019 година, во 10:00 часот. Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести Македонски Телеком АД - Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 24 септември 2019 година, во 10:00 часот.

3. Се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа „ЗА" по однос на сите точки од Процедуралниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 24 септември 2019 година, во 10:00 часот.

4. Се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија по однос на Работниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 24 септември 2019 година, во 10:00 часот:

4.1. Да гласа „ЗА" по точка 1: Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година.

## Точка 105

1. Владата го именува Ариф Асани за заменик на директорот на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата и зголемување за 30% на платата.

2. Владата го разреши Трајан Димковски од должноста член на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди.

2.1. Владата го именува Александар Мусалевски од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за член на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди.

## Точка 106

1. По повод укажувањата на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, а во врска со состојбата со преземените чекори за превенција од болеста „Африканска чума" кај свињите, Владата ги задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за одбрана, секое од својата надлежност на наредната седница да ја информираат Владата за ефектот од преземените мерки и активности и резултатите од истите по ова прашање

2. Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска ги информира членовите на Владата дека Република Северна Македонија ќе биде домаќин на НАТО конференцијата за информации и комуникатори во Скопје во 2020 година (трет квартал) и дека ова ќе биде прв пат една земја во текот на својата прва година од членство во НАТО да биде домаќин на конференцијата.

3. По повод одбележувањето на државниот празник 8 Септември - Ден на независноста, 2019 година, Владата заклучи:

1) Организацискиот одбор за прославата на 8 Септември - Ден на независноста на Република Северна Македонија е предводен од д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.
Членови на организацискиот одбор се: Мила Царовска, министер на труд и социјална политика, Насер Нуредини, министерот за животна средина и просторно планирање и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

2) Да ја преземе организацијата на централната прослава на 8.9.2019 година, која би била дневен настан во Градскиот парк - Скопје со почеток од 11.00 до 13.00 часот, вклучувајќи го и официјалното обраќање на претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев, по повод 28 години од прогласувањето на независноста и самостојноста на Република Северна Македонија.

3) Се задолжува секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија, да ја преземе целокупната организација на централната прослава на државниот празник (вклучувајќи детална агенда, визуелен идентитет на настанот, координација помеѓу сите вклучени страни, испраќање на покани, информирање на јавноста и медиумите и слично).

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на 8 Септември - Ден на независноста на Република Северна Македонија, според организацискиот план на Организацискиот одбор.

5) Се задолжува Министерството за одбрана да обезбеди гардисти и опрема за свечено положување свежо цвеќе на градските гробишта Бутел (пред вечните почивалишта на Киро Глигоров и Борис Трајковски)

6) Се укажува на Јавното претпријатие Национална радио телевизија, на 8.9.2019 година да врши директен пренос од одбележувањето на 8 Септември - Ден на независноста, според деталното сценарио со саатници, кое ќе го добијат од Организацискиот одбор.

7) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, за 8.9.2019 година да обезбеди печатење и испорака на покани по курир служба.

8) Се задолжува одделението за протокол на Владата на Република Северна Македонија да испрати покана според протоколарна пресеанс листа во електронска и печатена форма.

9) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за поставување на канти/контејнери за отпад на локацијата за централната свечена прослава што ќе се одржи на 8.9.2019 година.

10) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави материјали, техничка опрема, вода, говорница, знамиња и сл. за одбележувањето на 8 Септември - Ден на независноста, за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

11) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за поставување на мобилни тоалети во Градскиот парк - Скопје.

12) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Репулика Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман и венци за свеченото положување на цвеќе на 8 Септември - Ден на независноста.

13) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Репулика Северна Македонија да обезбеди превоз за тимовите кои ќе работат на организацијата на настаните.

14) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди цветно уредување на бината.

15) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за делегацијата и венци за положување цвеќе на Сојузот на борците на Република Северна Македонија.

16) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на 8 Септември - Ден на независноста на Репулика Северна Македонија.

17) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, преку Секторот за внатрешни работи да го организира сообраќајот и да обезбеди соодветен тек на моторни возила.

18) Се задолжува секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија да го договори и потврди учеството на сите планирани културно-уметнички и музички субјекти за централната прослава на празникот.

19) Се укажува на ЕВН Македонија да обезбеди приклучок за струја за централната прослава

20) Се препорачува на Град Скопје да го резервира просторот на локацијата „пред Школка“ во Градкиот парк - Скопје, за организирање на централната прослава на 8 Септември - Ден на независноста.

21) Се препорачува на Град Скопје да обезбеди штандови за прославата на 8 Септември - Ден на независноста, според организацискиот план.

22) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз и луѓе за транспорт на штандовите од ЈП Паркови и зеленило до локацијата на прославата за 8 Септември - Ден на независноста, за 2019 година.

23) Се препорачува на Град Скопје да обезбеди чистење на локацијата „пред Школка“ во Градкиот парк - Скопје пред свечената прослава на 7.9.2019 година и по завршување на настанот на 8.9.2019 во 14.00 часот.

24) Се укажува на Акционерското друштво за погребни и придружни активности - Бутел да ги исчисти гробните места на поранешните претседатели Борис Трајковски и Киро Глигоров, каде свечено ќе се положува цвеќе.

25) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, да го обезбедат просторот и опремата која ќе се монтира на локација на 7.9.2019 година, до завршување на прославата.

26) Се задолжува Министерството за здравство на 8.9.2019 година да обезбеди две амбулантни возила на централната прослава во Градскиот парк - Скопје од 10.00 часот до 14.00 часот.

27) Се препорачува на Град Скопје на 8.9.2019 година да обезбеди две противпожарни возила на централната прослава во Градскиот парк - Скопје од 10.00 часот до 14.00 часот.

28) Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ја преземе логистиката на организирање и имплементирање на планирани активности за време на централната прослава на 8 Септември - Ден на независноста, за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

29) Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ја преземе логистиката на организирање и имплементирање на планирани активности за време на централната прослава на 8 Септември - Ден на независноста, за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

30) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја превземе логистиката на организирање и имплементирање на планирани активности за време на централната прослава на 8 Септември - Ден на независноста, за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

31) Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да ја преземе логистиката на организирање и имплементирање на планирани активности за време на централната прослава на 8 Септември - Ден на независноста, за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

32) Се задолжува Управата за јавни приходи да ја преземе логистиката на организирање и имплементирање на планирани активности за време на централната прослава на 8 Септември - Ден на независноста, за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

33) Се задолжува Министерството за здравство да ја превземе логистиката на организирање и имплементирање на планирани активности за време на централната прослава на 8 септември - Ден на независноста, за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

34) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја превземе логистиката на организирање и имплементирање на планирани активности за време на централната прослава на 8 Септември - Ден на независноста, за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

35) Се задолжува Министерството за одбрана да ја превземе логистиката на организирање и имплементирање на планирани активности за време на централната прослава на 8 септември - Ден на независноста, за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, за периодот од 19 август 2019 година до 25 август 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

5. Владата на предлог на м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, заклучи во Информацијата за потребата од потпишување на Меморандумот за разбирање за одбранбена соработка меѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави, со усогласен текст на Меморандум разгледана на 149-та седница на Владата, одржана на 13 август 2019 година, во Меморандумот на Информацијата, во делот1. Осврт по материјалот, зборовите „Меморандумот за разбирање ќе биде склучен во два примероци, на англиски јазик" да се избришат.

Исто така, во текстот на Извадокот да се додаде Заклучокот под број 3. Кој да гласи:

„Меморандумот за разбирање во областа на одбранбена соработка помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Соединетите

Американски Држави ќе се потпише во (2) еднакви примероци, на македонски и англиски јазик. Англиската верзија на Меморандумот ќе послужи како извор за појаснување и натамошна координација во случај на потреба“.

Согласно ова,. Заклучокот под број 3, станува број 4.

Истовремено, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана ги информираше членовите на Владата дека Меморандумот за разбирање за одбранбена соработка меѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави ќе се потпише на македонски и англиски јазик на 19 септември 2019 година.

**<u>Точка 107</u>**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јули 2019 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 108</u>**

Владата го разгледа Акцискиот план за спроведување на Инвестиционата програма на АД ЕСМ-Скопје, како материјал за информирање.

**<u>Точка 109</u>**

Владата го разгледа Акцискиот план за постапување по однос на дадените препораки од Државниот завод за ревизија, доставен од ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје, како материјал за информирање.

**<u>Точка 110</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Ажурираната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 111</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за правда за децата во постапувањето на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 112

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа (за период јануари - јуни 2019), како материјал за информирање.

## Точка 113

Владата го разгледа Предлог-законот за класифицирани информации (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана и д-р Стојан Славески, директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

*

*     *

Предлог-законот повторно е разгледан и утврден на 154-та седница на Владата на Република Севенжрна Македонија, одржана на 17 септември 2018 година.

## Точка 114

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во Управата за извршување на санкции како дел од затворската полиција и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда - Управа за извршување на санкции во рок од три дена, да достави ажуриран преглед на 97-те професионални војници кои треба да бидат преземени од Министерството за одбрана во Управата за извршување на сакции, конкретно во секоја Казнено-поправна установа (казнено - поправните домови и затвори).

2. Се задолжува Министерството за правда - Управа за извршување на санкции да поднесе барање за обезбедување на финансиски средства за преземање на 97 професионални војници во рамките на затворската полиција, надвор од Годишниот план за вработување за 2019 година во рок од 10 дена, како и да ги достави на одобрување спогодбите за преземање без објавување на јавен оглас до Министерството за одбрана во рок од 15 дена по добивање на финансиската согласност од Министерството за финансии, а во согласност со утврдената динамика за преземање.

3. Се задолжува Министерството за финансии при првото наредно буџетирање да ги предвиди средствата во износ од 6.000.000,00 (шест милиони) денари од Министерството за одбрана, да се префрлат во Министерството за правда - Управа за извршување на санкции, во чии рамки спогодбено ќе се преземат 97 поранешни професионални војници со навршени 45 години возраст.

**Точка 115**

Владата условно донесе Одлука за доделување на средства од буџетот на Министерството за одбрана на Општина Неготино, за поправка на локалниот пат оштетен за време на одржувањето на вежбата „Одлучен Удар 19", која Министерството за одбрана ќе ја подготви, во соработка со Секретаријатот за законодавство и ќе ја достави до Владата.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:05 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** |
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |